ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СУ-04.бр.56/21-5
05.07.2021 година
К р а т о в о

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба, а во врска со член 22 и член 23 од Законот за работните односи, како и член 6 и 29 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во судот, Основниот суд Кратово објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.2/21**

**За вработување на еден судски службеник на определено време до 31.12.2021 година за следното работно место:**

**1.Судски референт – Дактилограф, категорија „Г“ ниво „Г-3“**
**-** 1 (еден) извршител
**Посебни услови за работното место:**
**Стручни квалификации:** најмалку средно или вишо образование
**Работно искуство:** најмалку 1 година работно искуство во струката
**Посебни работни компетенции:**
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски и германски).

**Дневно работно време:** 8 часа - од 07:30 до 15:30 часот, дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот. Неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;
**Основната нето плата** на судскиот службеник ќе изнесува: 17.289,00 денари.
**Времетраење на работниот однос**: определено до 31.12.2021 година.

Покрај посебните услови, кандидатот за работното место потребно е да ги исполнува и следните општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија (уверение за државјанство не постаро од 6 месеци),
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место (лекарско уверение не постаро од 6 месеци),
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (уверение не постаро од 6 месеци).

Пријавата за вработување може да се подигне на приемно одделение во судот или од интернет страницата на Основен суд Кратово www.oskratovo.mk и истата пополнета заедно со приложени докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар да се достават во писмена форма во приемното одделение на Основен суд Кратово или преку пошта на адреса: Основен суд Кратово, ул.„Јосиф Даскалов“ бб, Кратово, со назнака: „ЗА ЈАВЕН ОГЛАС бр.2/21“.
Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Рокот за поднесување на пријавата е **5 (пет) работни дена** сметано од денот на последното објавување на огласот (не сметајќи го денот на објавувањето).
Изборот на кандидатот ќе се изврши во рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО